Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02-277
12.03.2026 год.
Куманово

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**М-р МАРЈАН КОЦЕВСКИ**
К у м а н о в о
ул. "11 Октомври" бр.4
**десетти март две илјади дваесет и шестта година**
**-10.03.2026-**

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.114/26**

**З А П И С Н И К**
**ОД СЕДНИЦА НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас Нотар Марјан Коцевски од Куманово, потврдувам дека денеска на ден десетти март две илјади дваесет и шестта година, по писмена покана заведена под бр.02-155 од 13.02.2026 година, од Извршниот директор на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со седиште во Куманово, ул."11-ти Ноември" бр.87А, *што е прилог на овој записник,* присуствував на седница на годишно собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со седиште во Куманово, ул."11-ти Ноември" бр.87А, во дванаесет часот, при што согласно член 4 и член 92 од Законот за нотаријатот и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот: ---------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК**
**ОД СЕДНИЦА НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на седницата извршив увид во: ------------------------------------------------

- **Тековна состојба** Бр.0805-50/150020260094859 на ден 10.03.2026 (десетти март две илјади дваесет и шестта година) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод *што е прилог на овој записник,* утврдив дека Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште во Куманово, ул."11-ти Ноември" бр.87А, е запишано во Трговскиот регистар како АД со ЕМБС4028201, ---------------------------------------------------------------------------------
- **Потврда за стечајна постапка** Бр.0806-50/150020260094860 на ден 10.03.2026 (десетти март две илјади дваесет и шестта година) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод, *што е прилог на овој записник,* утврдив дека за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201 не се евидентирани податоци за отворена стечајна постапка, ---------------
- **Потврда за ликвидациона постапка** бр.0807-50/150020260094863 на ден 10.03.2026 (десетти март две илјади дваесет и шестта година) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод, *што е прилог на овој записник,* утврдив дека за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, не се евидентирани податоци за отворена ликвидациона постапка, **и ми беше доставено:** ---------------------------------------------------------------------------------
- **Јавен повик** објавен во весникот Нова Македонија од 05.02.2026 (петти февруари две илјади дваесет и шестта) година, чија копија од страница осумнаесет целосна, *е прилог на овој записник,* а врз основа на Одлука за свикување на Вонредно Собрание на акционери, заведена под дел.бр.02-109 од 29.01.2026 година, *што е прилог на овој записник,* со кој се објавува Јавниот повик заведен под дел.број.02-109/1 од 29.01.2026 година, *што е прилог на овој записник,* за учество на годишно собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на ден 10.03.2026 (десетти март две илјади дваесет и шестта година) година , со почеток од дванаесет часот.--------------------------------------------------------------------

./.

- **Акционерска книга** на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со состојба на ден 09.03.2026 (деветти март две илјади дваесет и шестта година) година, *е прилог на овој записник,* во која се евидентирани сите акционери на Друштвото со вкупен број на обични акции 491.000 (четиристотини девесет и една илјада) акции и толкав број на гласови, ---------------------
- **Список на присутни акционери на Собранието** закажано на ден 10.03.2026 (десетти март две илјади дваесет и шестта година) година, *што е прилог на овој записник,* а кој содржи: матичен број на присутниот акционер односно застапник на акционерите, име и презиме или назив на акционерот односно застапник на акционерите, својство, број на акции со кои гласа акционерот лично, број на акции со кои гласа застапник на акционерот, вкупен број на акции-гласови и своерачен потпис на акционерот или застапник на акционерот, ------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-229 од 04.03.2026 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр. 02-229/1 од 04.03.2026 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Квалитет-Пром ДООЕЛ,** како имател на 257.087 (двестотини педесет и седум илјади осумдесет и седум) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------
- **Полномошно бр.02-228 од 04.03.2026 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-228/1 од 04.03.2026 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот РАПИД БИЛД ДОО,** како имател на 44.905 (четириесет и четири илјади деветстотини и пет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, -----------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-227 од 04.03.2026 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-227/1 од 04.03.2026 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Ибраим Дураки,** како имател на 89 (осумдесет и девет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-226 од 04.03.2026 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-226/1 од 04.03.2026 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Бакији Зуљфи,** како имател на 92 (деведесет и две) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на претседавачот на собранието, даден ми е **комплетниот писмен материјал од ова собрание,** во кој се содржани сите предлог одлуки, кои се содржани во овој записник. ------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Врз основа на увид во акционерската книга утврдив дека е изготвен список на присутни акционери на Собрание со право на глас, па утврдив дека на седницата на Собранието од вкупен број на иматели 1.499 (илјада четиристотини деведесет и девет) и вкупен број на обични акции 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада), по принцип една акција еден глас, од присутните застапувани се 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириеесет) акции што претставува 62 % (шеесет и два проценти) акции со право на глас.**---------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 12:00 часот (дванаесет часот) ---------------------------------------------

Седницата ја отвори претседавачот на претходното собрание Максимовиќ Јелена, која е полномошник на акционерот Дураки Ибраим, посака успешна работа на вонредното годишно собрание на акционери и наведе дека врз основа на член 384 (тристотини осумдесет и четири) став 1 (еден) од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на 29.01.2026 (дваесет и деветти јануари две илјади дваесет и шеста) година донесе Одлука за свикување на Вонредно Собранието на акционери со закажана седница за 10.03.2026 (десетти март две илјади дваесет и шеста) година во 12,00 (дванаесет) часот во просториите на Фабриката. Истакна дека во согласност со член 395 (тристотини деведесет и пет) став 3 (три) од Законот за трговските друштва, мандатот на Претседавачот на Собранието трае до изборот на Претседавачот на наредното Собрание, па со оглед на тоа дека на последната Седница на Собрание на

акционери беше избрана за Претседавач заради што ќе го продолжи водењето на оваа Седница до избор на нов Претседавач. По тоа, го предложи дневниот ред по кој треба собранието денеска да работи. Констатира дека се исполнети услови за одржување, па предложи да се пристапи кон работа по дневниот ред од процедуралниот дел. ------------

**------------------------------ процедурален дел ------------------------------**

**Т.1 Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници;** ----------------------------------------

Максимовиќ Јелена, како претседавач на последната седница на Собранието истакна дека согласно податоците добиени од стручната служба во врска со верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници, утврдено е дека од вкупно 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада) акции со право на глас присутни се 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириесет) акции што претставува 62 % (шеесет и два проценти) акции со право на глас, од вкупниот број на акции претставувани од пет акционери или полномошници на акционери. Во врска со ова констатација, никој од присутните акционери немаше забелешки. ----------------------------------------

**Т.2. Утврдување на кворум за работа и одлучување на Собранието:** ----------

По оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека согласно член 383 (тристотини осумдесет и три) став 1 (еден) од Законот за трговските друштва, Собранието може да одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред и истакна дека врз основа на акционерска книга и список на присутни акционери кои ги застапуваат акциите, од вкупно 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада) акции со право на глас присутни се 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириесет) акции што претставува 62 % (шеесет и два проценти) акции со право на глас од вкупниот број на акции, по принцип една акција еден глас, па согласно ЗТД има кворум за работа и полноважно одлучување за сите работи за кои е овластено собранието. Во врска со ова констатација, никој од присутните акционери немаше забелешки.----------------------------------------

**Т.3. Избор на двајца бројачи на гласови;** ----------------------------------------

Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена, полномошник на акционерот Дураки Ибраим, како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека е потребно да се изберат двајца бројачи на гласови. По ова, за збор се јави Јулијана Ристевска, полномошник на акционерот КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ и го предложи акционерот Витановска Валентина со МБ 1406965425020, родена на 14.06.1965 во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.Моша Пијаде бр.62, за бројач на гласови. След тоа, за збор се јави акционерот Јулијана Ристевска, полномошник на акционерот РАПИД БИЛД ДОО и го предложи акционерот Нацевска Сашка со МБ 1105985425019, родена на 11.05.1985 во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.Веселин Маслеша бр.31, за бројач на гласови. Во врска со ова, никој од другите присутни акционери немаше забелешки. ----------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириесет) гласа за, едногласно го усвои и ја донесе следната:-------------

**ОДЛУКА**
**За избор на бројачи на гласови**

------------------------------Член 1------------------------------

За бројачи на гласови на Собранието на акционери на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО се избираат лицата:----------------------------------------

1. Валентина Витановска----------------------------------------
2. Сашка Нацевска.----------------------------------------

------------------------------Член 2------------------------------

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.-----------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник,*. ---------------------

./.

**Т.4. Избор на Претседавач на Собранието на акционери:** -------------------------
Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека согласно член 395 (тристотини деведесет и пет) став 2 (два) од Законот за трговските друштва, Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание, па според тоа потребно е да се избере претседавач на денешното собрание. По оваа, за збор се јави акционерот Витановска Валентина и ја предложи Максимовиќ Јелена со МБ 3103989425042, родена на 31.03.1989 година во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.24 бр.15, за претседавач на собранието. ---------------
Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириесет) гласа за, едногласно го усвои предлогот и ја донесе следната: ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДЛУКА**
**За избор на Претседавач на Собранието на акционери**

--------------------------------------------------Член 1--------------------------------------------------

За Претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Јелена Максимовиќ.-------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 2--------------------------------------------------

Мандатот на избраниот Претседавач трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.-------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 3--------------------------------------------------

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.-------------------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот, *е прилог на овој записник.* ----------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.4. Записникот ќе го води Нотар:** ----------------------------------------------------------
Во врска со оваа точка, претседавачот, Максимовиќ Јелена истакна дека бидејќи како записничар е повикан Нотар Марјан Коцевски од Куманово и истиот е присутен на досегашната работа, да не се избира записничар и оверувачи на записникот, туку согласно ЗТД да записникот го води Нотар Марјан Коцевски од Куманово. Исто така констатираше дека материјалите од точките на Дневниот ред заедно со предложените одлуки и обрасците за известување и гласање подготвени за преземање електронски од страна на акционерите согласно член 388-б (тристотини осумдесет и осум-б) од ЗТД беа објавени на веб страната на Фабриката. Претседавачот, предложи да согласно член 400 (четиристотини) од ЗТД, Собранието да донесе одлука гласањето по сите точки од Дневниот ред да биде јавно. Во врска со ова, никој од другите присутни акционери немаше забелешки. --------------------------------------------------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириесет) гласа за, едногласно го усвои.------------------------------------------
**По оваа, претседавачот констатираше дека во законски предвидениот рок од осум дена од денот на објавувањето на Јавниот повик не беа поднесени писмени барања за вклучување на нови точки во дневниот ред, па предложи да се премине кон работен дел на собрание.**--------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**----------------------------------- работен дел -----------------------------------**

**Т.1 Донесување на Одлука за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници;** ----------------
Во врска со оваа точка од работниот дел на дневниот ред, претседавачот на Собранието истакна дека Одборот на директори на Фабриката на ден 29.01.2026 (дваесет и деветти јануари две илјади дваесет и шеста) година ја разгледуваше Предлог Одлуката за задолжување на друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници и во согласност со член 456 (четиристотини педесет и шест) став 5 (пет) од Законот за трговските друштва, на Собранието на акционери му поднесе Известување за Голема зделка со Предлог Одлука за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници со прилог Анекс број 1 (еден) кон Договор за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право кои што Собранието треба да ги разгледа со ПРЕПОРАКА да ја усвои предложената Одлука за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници со напомена дека акционерите имаат право и

да не се согласат со Големата зделка односно предложената Одлука за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници врз основа на која ќе се склучи Анекс број 1 (еден) кон Договор за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право. Исто така истакна дека Предлог Одлуката за задолжување на друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници и Анекс број 1 (еден) кон Договорот за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право се објавени на официјалната интернет страница на друштвото заради достапност на сите акционери, па отвори расправа по оваа точка. За збор се јави Извршниот директор Марија Ивановска Николовски, по што таа истакна:-----------------------------------------------------------------------------------------------

*"Почитувани, Ви благодарам на сите на присуството и за интересот за ова Собрание на акционери. Како Извршен директор, мојата обврска е да ги појаснам суштинските аспекти на предложената одлука, нејзината правна и деловна оправданост, како и влијанието врз идното работење на друштвото. Во таа насока, дозволете ми накратко да го образложам контекстот и причините за нејзиното предлагање: Фабриката како корисник-должник со Комерцијална Банка АД Скопје како доверител на ден 04.02.2021 (четврти февруари две илјади дваесет и прва) година, имаат склучено Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, на износ од ЕУР. 8.000.000,00 (осум милиони евра) со камати и трошоци, заведен кај доверителот под број 02-110-88/2. Побарувањата на Банката по основ на Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право се обезбедени со хипотека на недвижен имот во Стара Фабрика и Нова Фабрика, кој имот е сопственост на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, залог на подвижен имот - опрема во сопственост на Фабриката, како и нотарски акт на три меници издадени од Фабриката. Од причина што важноста на овој Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, истекува, потребно е да се донесе Одлука за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници врз основа на која ќе се склучи Анекс број 1 (еден) кон Договор за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право. Согласно Законот за трговските друштва задолжувањето на Друштвото е зделка над 20% (дваесет проценти) односно истата изнесува 49,15% (четириесет и девет кома петнаесет проценти) од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка што претставува Голема зделка согласно ЗТД и Статутот и истата подлежи на правилата за одобрување на Голема зделка согласно ЗТД. Донесувањето на Одлуката за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници, врз основа на која ќе се склучи Анекс број 1 (еден) кон Договорот за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право, е во интерес на Друштвото, бидејќи овозможува:-----------------------------*

*- подобрување и одржување на тековната ликвидност, преку обезбедување стабилен и флексибилен извор на обртни средства;-----------------------------------------------*

*- навремено сервисирање на тековните обврски кон добавувачи, финансиски институции и вработени, со што се зачувува деловната репутација и кредитната способност на Друштвото;----------------------------------------------------------------------------------*

*- обезбедување континуитет во деловните активности и непречено реализирање на преземените договорни обврски;------------------------------------------------------------------*

*- оптимизација на паричните текови, имајќи ја предвид револвинг природата на кредитниот лимит, што овозможува користење средства согласно реалните потреби и намалување на трошоците за финансирање;---------------------------------------------*

*- создавање услови за понатамошен раст и развој, преку финансиска стабилност и зголемена оперативна флексибилност.-------------------------------------------------*

*Со оглед на наведеното, предложеното задолжување претставува економски оправдана и стратешки издржана одлука, насочена кон зајакнување на финансиската позиција и долгорочната одржливост на Друштвото.*--------------------------------------------

*Дополнително, истакнуваме дека донесувањето на вакви одлуки претставува воспоставена и долгогодишна деловна пракса на Друштвото, во согласност со досегашниот начин на финансирање и управување со ликвидноста, па оттука им препорачуваме на акционерите да ја поддржат предложената одлука како континуитет на стабилното и одговорно работење на Друштвото."*---------------------

По оваа, никој друг не се јави за збор па претседавачот ја стави предлог одлуката на гласање. ----------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.240 (тристотини и две илјади двестотини и четириесет) гласа за, едногласно го усвои и ја донесе следната: ------------

**ОДЛУКА**

**за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници**

1. Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово како корисник-должник со Комерцијална банка АД Скопје како доверител имаат склучено Договор за рамовен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, на износ до ЕУР. 8.000.000,00 заведен кај доверителот под број 02-110-88/2 од 04.02.2021 година.-----------------------------------------------------------------------------------

2.Се дава согласност за задолжување на Друштвото и склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право заведен кај доверителот под бр. 02-110-45/2 од 23.01.2026 година, со кој се продолжува рокот на рамковниот кредит лимит до 04.02.2031 година, кај веќе заложениот недвижен имот се врши усогласување на податоците согласно катастарската евиденција и се дополнува обезбедувањето со залог врз земјиште евидентирано во Имотен лист бр.84271 КО Куманово, кај веќе заложениот подвижен имот опишан како Компресорската станица под реден број 3 во Табела 3 од ОДУ.бр.157/21 се брише дел од заложените компресори и тоа: 1 компресор Fagram Smederevo, 1 компресор (вон функција) Energoinvest-Trudbenik и 1 компресор (вон функција) Ingersollrand, се врши прецизирање и дополнување на податоците и залогот на дел од веќе заложената опрема и се дополнува обезбедувањето со залог на нова опрема и со 3 (три) бланко сопствени акцептирани и трасирани меници издадени од Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, уредени во форма на Нотарски акт. ---------------------

3. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална банка АД Скопје врз основа на Договорот и Анексот кон Договорот цитирани во точка 1 и 2 од оваа Одлука како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорт за РРКЛ како и оние поединечни договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, кои се сметаат за составен дел на Договорот за РРКЛ, да се заснова заложно право врз недвижен и подвижен имот сопственост на Друштвото и тоа:-----------------------------------------------

- комплекс на објекти – Нова фабрика за цевки на ул.11 Ноември бб Куманово , со вкупна површина од 48.190 м2 и земјиште под објекти со вкупна површина од 49.456 м2 , евидентирани во Имотен лист бр.11 КО Куманово и Имотен лист бр.84271 КО Куманово, детално опишани во Проценка бр. 4382.13 за вредноста на недвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката,-----------------------------------------
– стопански комплекс – Стара фабрика за цевки на ул.11 Ноември бб Куманово, со вкупна површина од 50.860 м2 и земјиште под објекти со вкупна површина од 54.779 м2, евидентирани во Имотен лист бр.11 КО Куманово и Имотен лист бр.84271 КО Куманово, детално опишани во Проценка бр. 11672.09 за вредноста на недвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката, ------------------------------------------
- Опрема и машини во комплекс нова фабрика за производство на цевки и профили 11 Октомври во Куманово сопственост на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, врз основа на пописна листа, фактури и сопственичка изјава детално опишани во Листата на проценета опрема прилог на

Проценка бр. 5860.14 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката ,-----------------------------------------------------------------------------------

- Опрема и машини во комплекс стара фабрика за производство на цевки и профили 11 Октомври во Куманово сопственост на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово врз основа на пописна листа, сопственичка изјава и фактури, детално опишани во Листата на проценета опрема прилог на Проценка бр. 11706.10 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката,------------------------------------------------------------------------------

4. Се дава согласност Друштвото Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да издаде 3 (три) бланко сопствени акцептирани и трасирани меници со клаузула без протест потпишани од овластени лица, со менична изјава - согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата без протест, уредени во форма на Нотарски акт и клаузула за извршност, акцептирани и трасирани од страна на Друштвото Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална банка АД Скопје врз основа на Договорот и Анексите кон Договорот за РРКЛ цитирани во точка 1 и 2 од оваа Одлука и сите поединечни договори одобрени врз основа на Договорот и Анексите кон Договорот за РРКЛ.----------------------------------

Се дава согласност Нотарскиот акт за меници од претходниот став да се однесува и на сите идни анекси на Договорот за РРКЛ цитиран во точка 1 од оваа Одлука кои ќе се однесуваат исклучиво само за продолжување на рокот.------------------------------------------

5.Друштвото е согласно зголемувањето на задолжувањето и промените со Анексот бр.1 кон Договорот цитиран во точка 2 од оваа Одлука да бидат запишани во Заложниот Регистар во кој веќе е запишано заложно право врз подвижниот имот и опрема во корист на Комерцијлана Банка АД Скопје врз основа на ОДУ.бр.157/21 од 12.04.2021 година, како и промените да се запишат во Агенција за катастар на недвижности во Имотен лист бр. 11 КО Куманово во кој веќе е запишана хипотеката со ОДУ бр. 156/21 од 12.04.2021 година.----------------------------------------------------------------------------

6. Собранието на акционери потврдува и одобрува дека согласно Законот за трговски друштва задолжувањето на Друштвото со Договорот за РРКЛ на износ од ЕУР. 8.000.000,00 заведен под бр. 02-110-88/2 од 04.02.2021 година и Анекс број 1 кон Договорот за РРКЛ на износ од ЕУР. 8.000.000,00 заведен под бр. 02-110-45/2 од 23.01.2026 година и заложувањето на имотот на Друштвото е зделка над 20,0% односно истата изнесува 49,15% од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка што претставува голема зделка согласно ЗТД и Статутот и истата подлежи на правилата за одобрување на голема зделка согласно ЗТД.--------------

7. Се овластува Извршниот Директор во име и за сметка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да го склучи и потпише Анексот број 1 кон Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на износ од ЕУР 8.000.000,00, заведен под бр. 02-110-45/2 од 23.01.2026 година со рок до 04.02.2031 година како и поединечните договори и анекси кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ и Анексите, како и анексите кон договорите со кои поединечните договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ и Анексите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, да го склучи и потврди пред нотар Анексот кон Договорот за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, Анексот кон Договорот за залог врз подвижни предмети со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, Нотарскиот акт за меници со својство на извршност и меничните бланкети акцептирани и трасирани од Друштвото корисник кое гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките, како и сета останата потребна документација за предметната правна работа пред надлежен Нотар и пред Банката.-----------------------------------------------------------------

8. Со донесување на оваа Одлука, се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки од страна на Друштвото согласно важечките акти за основање на Друштвото и законските одредби и се потврдува дека

дополнителни согласности од други органи и лица на Друштвото не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.------------------------------------------------------

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. --------------------------------------

Прилог-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Листата на проценета опрема прилог на Проценка бр. 5860.14------------------------------

2. Листата на проценета опрема прилог на Проценка бр. 11706.10-----------------------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот, *е прилог на овој записник*. Кон одлуката приложен е Предлог Анекс број 1 кон Договорот за рамковен револвинг кредит – лимит врз основа на заложно право, *што е прилог на овој записник,* Известување за Голема зделка заведено под бр.02-110 од 29.01.2026 година, *што е прилог на овој записник,* Пописна листа на опрема во ФЗЦ -11 Октомври АД Куманово, *што е прилог на овој записник,* Пописна листа на опрема во сопственост на ФЗЦ – 11 Октомври АД Куманово, *што е прилог на овој записник*.----------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

След ова, претседавачот на Собранието изјави, дека дневниот ред е исцрпен, па во дванаесет часот и триесет и пет минути, ја заклучи седницата на Собранието на АД.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот заедно со прилозите лично му ги прочитав на Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата, па во знак на одобрување своерачно го потпиша. ----------

**Претседавач: -----------------------------------------------------------------------------------------------**

**Максимовиќ Јелена с.р-------------------------------------------------------------------------------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на осум страни на осум листа. На барање на учесникот, согласно член 101, став 4, од Закон за нотаријатот издадени се два изводи кон кои се приклучени прилозите на записникот и согласно член 96, став 3 од Закон за нотаријатот, издадени се три изводи на учесникот, кон кои не се приклучени прилозите на записникот, а изворникот се чува во архивата на Нотарот. ----

Нотарската награда, согласно член 41 и 54 став 1 од НТ е пресметана во износ од 12.000,00 денари и материјален трошок во износ од 1.200,00 денари по член 52 од НТ.--

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр.114/26, во Куманово, на десетти март две илјади дваесет и шестта година.--------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, Нотар Марјан Коцевски, потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.----

**Овој е прв извод - потполн, кон кого НЕ СЕ приложени заверени преписи од прилозите на нотарската исправа.** ---------------------------------------------------------------

Издадено во Куманово, на десетти март две илјади дваесет и шестта година.---------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР М-р Марјан Коцевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР МАРЈАН КОЦЕВСКИ КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО